Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), министерот за култура и туризам донесе

Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата

1. Ова Упатство има цел да обезбеди јасни, прецизни и усогласени насоки за пресметка на платите на вработените во установите од областа на културата во согласност со важечките законски и подзаконски прописи, Колективниот договор за културата, Општиот колективен договор за јавниот сектор, Законот за извршување на буџетите, средствата предвидени за плати во Буџетот на Министерството за култура и туризам. Во согласност со член 14 став 1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, во септември 2023 година основната бруто - плата на вработените во установите од областа на културата се зголеми за 10% во однос на исплатената основна бруто плата за август 2023 година. Зголемувањето од 10% во септември 2023 година не беше вградено во коефициентите по работно место утврдени во член 66 од Колективниот договор за култура, па затоа секоја објава на новата минимална плата предизвикува зголемување на износот на минималната бруто - плата за 10% и создавање нова минимална бруто плата која отстапува од минималната бруто - плата објавена во согласност со закон.

Од овие причини, а со цел да не се создава правна несигирност, основната бруто - плата за вработените во установите од областа на културата се пресметува на начин опишан во точката 3 од ова Упатство.

2. Министерството за култура и туризам, како буџетски корисник, е должно да го контролира наменското и законито користење на средствата со кои располагаат единките корисници. Раководното лице на буџетскиот корисник и единката корисник е одговорно дека доставеното барање за одобрување средства за плати е во согласност со закон.

3. Основната бруто - плата на вработените во установите од областа на културата се пресметува на следниов начин:

- Минималната плата, објавена во согласност со закон,

- се множи со коефициентот на сложеност на работното место во согласност со член 65 од Колективниот договор за културата,

- на добиениот износ се додава (собира) разликата по работно место од исплатената основна бруто - плата за септември 2023 година, и исплатената основна бруто - плата за август 2023 година, во согласност со член 14 став 1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор.

Сите други надоместоци, додатоци и елементи на платата се пресметуваат во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива и соодветните колективни договори.

4. Исплатата на платата се врши најдоцна до 15-ти во тековниот месец за платата за претходниот месец. Установите од областа на културата треба да достават барање за исплата на плата со детална пресметка до Министерството за култура и туризам – Сектор за финансиски прашања, со која се гарантира точноста на доставените податоци.

5. Установите водат евиденција за: работните часови, оправдани и неоправдани отсуства, додатоци и други елементи релевантни за пресметка на платата.

6. Ова Упатство ќе се објави на веб страницата на Министерството за култура и туризам и ќе се достави до установите од областа на културата.

МИНИСТЕР,

Зоран Љутков

Бр. 40 - 11275/1

29.12.2025 година

Скопје